РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставен е поднесок - Пријава за постапување согласно член 23 став 1 и член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 47 од истиот закон, како полномошник на Друштвото за испитување. Со доставениот поднесок се бара мислење дали лицето, кое бил вработен во Бирото за метрологија, а сега работи во Друштвото за испитување и анализа Скопје сторил повреда на член 47 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно дали овој член може да најде примена во конкретниот случај.
Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 47 став (1) алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
„(1) Службеното лице во рок од три години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, не може:
- да се вработи во трговското друштво во кое вршел надзор или имал воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности.“

Согласно член 8 став (2) од истиот закон:
„(2) Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.“

Во членот 6 од Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) се утврдени работите и задачите од областа на метролошкиот систем на Република Македонија кои ги извршува Бирото за метрологија, а се однесуваат на:
- инспекциски надзор над употребата и начинот на пишувањето на законските мерни единици;

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

- обезбедување на следливост, и остварување, чување и одржување на националните еталони и сертифицираните референтни материјали;
- обезбедување на следливост на референтните еталони;
- калибрација на еталони и мерила;
- оцена на сообразноста на мерилата со суштествените барања;
- инспекциски надзор над работењето на правните лица овластени за извршување на одделни работи од областа на метрологијата врз основа на овој закон;
- оцена на сообразноста на типот на мерилата;
- верификација на мерилата;
- постапка за регистрација за признавањето на важноста на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло;
- метролошки надзор над количините и означувањето на количините на пакуваните производи;
- инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој и други закони;
- постојан тренинг и едукација на вработените во Бирото и во овластените правни лица;
- дефинирање на работите и задачите на метролошкиот совет и учество во неговата работа;
- консалтинг услуги за потребите на правните и физичките лица кои вршат промет или употреба на мерила;
- соработка со други инспекциски органи и
- други работи и задачи во врска со спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Во однос на надзорот, во член 40 од Законот за метрологија е утврдено дека Бирото за метрологија врши инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој и други закони, по однос на употребата на законските мерни единици, исполнетоста на условите за остварување, чување и одржување на националните еталони, употребата на мерилата и работата на правните лица овластени врз основа на овој закон. Согласно член 42 од истиот закон, овластен работник на Бирото, за вршење на задачите и работите на инспекцискиот надзор, може да биде лице кое ги исполнува општите услови утврдени со Законот за државни службеници и посебните услови предвидени со Правилникот за систематизација на работните места во Бирото.

Од сето горенаведено, произлегува дека прекршување на законската забрана од член 47 став (1) алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси постои доколку лицето, вработен во Друштвото за испитување и анализа Скопје, во времето додека бил вработен во Бирото за метрологија, како овластен работник вршел задачите и работи на инспекциски надзор, за што се изрекува прекршочна санкција – глоба согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Но, доколку наведеното лице извршувало други работни задачи, а не работни задачи од инспекциски надзор, како што е наведено во писмениот поднесок, тогаш нема прекршување на забраната.

**Заменик претседател,**

Зоран Богоевски

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk